**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-22
Бр.на постапка 42248
од 04.05.2022 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-22 од 02.04.2022 година од страна на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 1310-22 и со број на постапка 42248 од 02.04.2022 година, изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, за изработка на Проектна програма за изработка на УП вон опфат на урбанистички план со намена Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 130, КП 131, КП 132, КП 133, КП 124 и дел од КП 73/1, КО Чалошево - Општина Велес

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесе барање за одобрување на проектна програма со УП број УП број 1310-22 и со број на постапка 42248 од 02.04.2022 година, од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, за изработка на Проектна програма за изработка на УП вон опфат на урбанистички план со намена Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 130, КП 131, КП 132, КП 133, КП 124 и дел од КП 73/1, КО Чалошево - Општина Велес.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма со тех.бр. 137/21-У.
2. Проектна програма со тех.бр. 137/21-У, од Април, 2022 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y02122 од Март, 2022 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
5. Решение за услови за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 443/2022 од 09.03.2022 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение 08-600/1 од 02.02.2022 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), за што до

градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр. 1310-22 од 27.04.2022 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**